

# Можност за вработување:
# Даночен советник

Грант Торнтон е фирма членка на Grant Thornton International Limited (GTIL), една од водечките организации во светот која обезбедува ревизорски, даночни и советодавни услуги кои им помагаат на динамичните организации да го поттикнат растот преку широк спектар на професионални услуги.
Со нашите идеи, стандарди и посветеност создаваме квалитет и вредности за нас и нашите клиенти.

## Доколку сакате да бидете дел од нашиот тим ви нудиме:

- Пријателска и динамична работна средина, во која можете да ги развивате своите вештини и компетенции
- Нудиме одлични можности со конкурентен пакет за наградување и постојан развој на кариерата за амбициозните кандидати кои имаат желба за напредок.
- Обука и менторство
- Хибриден начин на работа од канцеларија и од дома

## Улога во тимот:

- Изготвување на даночни мислења, анализи и студии
- Проверка и контрола на ДДВ, данок на добивка, задржан данок, персонален данок
- Изготвување на студии за трансферни цени
- Изготвување на даночни длабински анализи
- Советување околу даночните влијанија и последици
- Советување околу даночно планирање и оптимализации
- Следење, истражување, анализа и толкување на даночните закони
- Уредно водење на документацијата во согласност политиките на фирмата
- Комуникација со сите релевантни државни институции

## Потребни квалификации и компетенции:

- Универзитетска диплома од Економски или Правен факултет
- Со или без претходно искуство во сметководство, даноци, ревизија и контрола
- Познавање на даночна и сметководствена регулатива
- Владеење на деловен англиски јазик, усно и писмено
- Одлично познавање на Microsoft Office и развиени компјутерски вештини
- Одлични комуникациски и меѓучовечки односи
- Вештини за управување со стрес
- Демонстрирање на цврста работна етика
- Способност за филтрирање информации и проценка на приоритети
- Способност за развој и одржување на добри работни односи
- Способност за анализирање и давање препораки
- Способност за одржување дискреција при справувањето со доверливи или осетливи работи
- Самодоверба и способност за работа по своја иницијатива и со ограничен надзор

Доколку сакате да ја развивате вашата професионална кариера во една од најголемите глобални организации, Ве молиме да ја испратите вашата кратка биографија со фотографија на Careers@mk.gt.com најдоцна до 14.05.2023 година.

Напоменуваме дека ќе бидат контактирани само кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг на избор.
Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост.